Проектот е финансиран од
Европската Унија

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Проектот е спроведуван
од ФАО

# Консолидација на земјоделско земјиште во Оптичари - Информативен билтен

Јануари 2020, број # 1



Овој билтен има за цел да ги информира учесниците во постапката за консолидација на земјоделско земјиште и сите заинтересирани од локалната заедница во Оптичари, општина Битола, за досегашните и претстојните активности од спроведување на постапката.

Политиката на консолидација на земјоделското земјиште е државна политика за подобрување на неповолната структура на земјоделското земјиште преку окрупнување на раситнетите парцели, која успешно се спроведува на повеќе локации во државата. Првата распределба на земјиште е веќе усвоена од страна на сопствениците во Општина Конче во Ноември 2019 година, а оваа година постапки на консолидација се реализираат во 10 подрачја вклучително и во Оптичари, во рамки на проектот МАИНЛАНД финансиран од Европската Унија.

## Карактеристики на консолидациното подрачје во с. Оптичари




**Карта на консолидационото подрачје во с. Оптичари**

**Површина на земјоделско земјиште:** 566 хектари (ха)
**Број на земјишни парцели:** 1.103
**Број на сопственици:** 359

Просечниот број на парцели во сопственост на еден сопственик е 4,2 парцели, но раситнетоста на земјиштето е поголема доколку се земат во предвид и парцели кои земјоделците ги обработуваат, а не се нивна сопственост. Парцелите најчесто се со неправилна форма и просторно оддалечени една од друга, со просечна големина од само 0,5 ха.

Заради големата расцепканост на земјиштето, постоечката патна мрежа не може да обезбеди пристап до секоја парцела, а застарениот и недоволен систем за одводнување го зголемува ризикот од поплавување на нивите.

Ваквата неповолна структура на земјиштето го отежнува и поскапува земјоделското производство, ги ограничува можностите на земјоделците за примена на современа механизација и агротехнички мерки, што ја намалува нивната конкурентност и можностите за развој. Врз основа на овие карактеристики и искажаниот интерес, Оптичари е едно од првите 10 подрачја во државата во кои започна постапката за окрупнување на земјоделското земјиште. Постапката е во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), согласно Законот за консолидација на земјоделското земјиште, а се имплементира од страна на ФАО со финансиска поддршка од Европската Унија.

Консолидацијата на земјоделското земјиште во Оптичари започна во Октомври 2018 година со спроведување на Студија за оправданост, и моментално е во фаза на планирање на распределба на земјоделското земјиште, која се очекува да трае до Август 2020 година.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

## Досегашни активности за консолидација на земјиште во Оптичари

### Прва фаза –Студија за оправданост за консолидација на земјиште

Во 2019 година, овластена геодетска компанија во име на ФАО и МЗШВ, спроведе **Студија за оправданост**, како прва од трите фази од процесот на консолидација на земјоделско земјиште.

Врз основа на детална анализа на моменталната состојба на терен и многубројни индивидуални средби со земјоделците, студијата ја потврди оправданоста како и интересот на сопствениците на земјиште и локалната заедница во Оптичари за спроведување на консолидација на земјоделското земјиште во ова подрачје.

Анализите на терен исто така ја утврдија и потребата од инвестиции за подобрување на земјоделската инфраструктура во консолидационата област во Оптичари - патна мрежа која ќе обезбеди подобар пристап до новоформираните парцели, како и обновување на постојните и изградба на нови канали за одводнување, со што ќе се реши проблемот со честото поплавување на нивите во ова подрачје.

Очекуваните резултати се подобрена структура на земјоделското земјиште – намален број и окрупнети парцели со правилна форма и подобрен пристап до земјоделската инфраструктура - што ќе го олесни и поефтини земјоделското производство и ќе овозможи поголеми приходи за земјоделците.



### Втора фаза - Планирање на распределба на земјоделското земјиште

Врз основа на позитивните резултати од Студијата за оправданост, на 26 ноември 2019 година, со Одлука на Владата на Република Северна Македонија во Оптичари официјално започна и во тек е втората фаза од постапката за консолидација на земјоделско земјиште – планирање на распределба на земјоделското земјиште и на потребната земјоделска инфраструктура**, односно подготовка на новиот просторен план на земјиштето.**

Во оваа фаза ќе се реализираат голем број на теренски активности уредени со закон, како што се проценка на вредноста на земјиштето, проектирање на земјоделската инфраструктура, и најважното, подготовка на нов план за распределба на земјишните парцели преку постојани и непосредни средби со сопствениците и корисниците на земјиштето.

Важно е да се напомене дека консолидацијата на земјоделско земјиште е транспарентен процес во кој најважна улога имаат сопствениците на земјоделско земјиште кои учествуваат во процесот.

Секој учесник е консултиран во секоја фаза од постапката, и преку јавни увиди и директни средби има можност да даде свои мислења и забелешки на резултатите од проценката на вредноста на земјиштето и планот за распределба на земјиштето.

Активностите од оваа фаза од постапката за консолидација во консолидационото подрачје во Логоварди ќе ги спроведува МЗШВ со поддршка на овластената геодетска компанија “Цветковски консалтинг” заедно со тим на агрономи, градежни инженери, архитекти и проценители, под раководство на ФАО.

## Тековни активности

### Контактирање на сопствениците на земјоделско земјиште

Во моментов тимот на геодетската компанија “Цветковски консалтинг” воспоставува директни контакти со сите 359 сопственици на земјиште во консолидационото подрачје, со цел нивно навремено информирање за нивните права и одговорности во фазата на распределба на земјоделскотото земјиште.

Дополнително, се лоцираат и сопствениците на земјиште кои повеќе не живеат во селата Оптичари и Кравари, како и оние кои се надвор од државата, за да бидат директно и навремено информирани за следните чекори во постапката за консолидација на земјоделско земјиште.

Во оваа фаза особено внимание се посветува на идентификување на сите наследници на земјоделско земјиште кои не спровеле оставинска постапка и нивно информирање за нивното право за назначување на повереник – лице кое е наследник од прв ред за непречено да ги застапува правата на сите наследници во процесот на консолидација.

Следниот чекор во процесот е организирање и формирање на клучните тела во постапката за консолидација меѓу кои е Собранието на учесници во консолидацијата, како највисоко тело за носење на одлуки за постапката.

### Прво Собрание на учесници

Првото Собрание на учесници е планирано да се одржи на **8** февруари (сабота**) 2020** година, во Стара општинска зграда Битола, со почеток во 11 часот. Сите сопственици на земјиште, нивните полномошници или повереници ќе добијат известување за учество преку дневниот печат.

**ШТО Е СОБРАНИЕ НА УЧЕСНИЦИ?**

СОБРАНИЕ на учесници во консолидацијата – е тело кое го сочинуваат СИТЕ сопственици на земјиште во консолидационото подрачје. Најважна задача на СОБРАНИЕТО е да го усвои со мнозинство Планот за распределба на земјоделското земјиште во постапката за консолидација.

## Претстојни активности

### Проценка на вредноста на земјиштето

Првата фаза во процесот на планирање на распределба на земјиштето е **проценка на вредноста на земјишните парцели на секој сопственик** во консолидационото подрачје кој учествува во процесот.

Проценката се врши од страна на овластени проценители согласно Законот за процена и со користење на Методологијата за процена на основни средства во земјоделството.

Првата проценка на вредноста на земјиштето ќе се спроведе веднаш по првото Собрание на учесници, а има за цел **одредување на вредноста на земјиштето со која учесниците влегуваат процесот**. Со проценката се утврдува вредноста на земјиштето согласно производствениот капацитет на секоја парцела поединечно.

Преку проценката се гарантира дека целото земјиште ќе биде **вреднувано на фер, транспарентен и еднаков начин за секој учесник** во консолидацијата согласно закон.

### Планирање на подобрена земјоделска инфраструктура

За да се подобри земјоделската инфраструктура во консолидациото подрачје, како прв чекор ќе започне подготовка на **Проект за рехабилитација и изградба на планираната земјоделска инфраструктура.**

Тим на овластени геодети и инженери веќе спроведуваат мерења на терен, за да ги дефинираат условите и потребите за инвестиции во земјоделската инфраструктура во Оптичари, која ќе опфати **обновување на постојните и изградба на нови пристапни патишта и канали за одводнување.**

## Дополнителни информации:

Постапката за консолидација на земјоделското земјиште во Оптичари се надоврзува на плановите за изградба на експресен пат и топловод, кои ќе поминуваат низ консолидационото подрачје во Оптичари.

Во текот на спроведување на постапката за консолидација ќе се води сметка при изведбата на овие инфраструктурни проекти да не се предизвика поделба на земјоделските имоти на засегнатите сопственици, да не се отежни земјоделското производство и воедно да се обезбеди непречено поврзување со населеното место и пазарите.

Спроведувањето на проектот за консолидација на земјиштето, и планираната изградба на експресниот пат и топловодот, како проекти од јавен интерес, се координирани на највисоко институционално ниво во државата.

## Временска рамка (до Април 2020):




## КОНТАКТИ

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Сектор за консолидација на земјоделско земјиште, размена и идентификација на земјишни парцели
Ул. Аминта Трети 2, 1000 Скопје
тел . 02 3134 477 (локали 109,110,111)
е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Веб: www.mzsv.gov.mk

**Проект “Воведување на национална програма за консолидација на земјиште (MAINLAND)”**

Ул. Аминта Трети 2, 1000, Скопје
тел. 02 3134 477 (локал 708); 02 3220 888
е-пошта: FAO-MK@fao.org
Веб: www.fao.org/in-action/mainstreaming-national-land-consolidation-programme/mk

**Геодетска компанија “Цветковски консалтинг”**

Бул. Партизански одреди, 1000 Скопје
тел .: 070 384 099 (Никола Рибароски – геодет), 075 414 341 (Наум Симјаноски – проценител),
072 244 965 (Бобан Богдановски – адвокат), 075 712 998 (Башким Идризи – геодет), 076 275 200 (Марија Ѓорѓиевска – контакт лице)
е-пошта: cvetkovskikonsolidacija@gmail.com

**Овој билтен е изготвен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој билтен е единствена одговорност на ФАО и во ниту еден случај не треба да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.**